ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ Скопје
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2019 03 06/1

**Скопје, октомври, 2019 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 17 |
| **Финансиски извештаи за 2017 и 2018 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 18 |
| Биланс на состојба | 19 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 20 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| - Вовед | 21 - 22 |
| - Сметководствени политики | 22- 24 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 24 - 32 |

Кратенки користени во извештајот:

РМ – Република Македонија
РСМ – Република Северна Македонија
МТВ – Министерство за транспорт и врски
МФ – Министерство за финансии
МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
ЗЕЛС- Заедница на единиците на локалната самоуправа
ФУК - Финансиско управување и контрола
ЗЈВФК - Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
АКН - Агенцијата за катастар на недвижности
АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој
АД СМЖ Транспорт - Акционерското друштво за транспорт Железници на Република Северна Македонија
АКН - Агенцијата за катастар на недвижности
ЗЈН- Закон за јавни набавки
РКЕ – Регулаторна комисија за енергетика

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-119/6

Дата: 04.10.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ) Скопје за 2018 година на сметката на основниот буџет (637).
Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2018 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.
Извршена е ревизија за 2015 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на МТВ сметка на основен буџет (637) во кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Во февруари 2017 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи со усогласеност за 2015 година на сметката на основен буџет (637), при што е констатирано дека дадените препораки се имплементирани.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на МТВ, сметка на основен буџет (637) за 2018 година, е констатирано следното:

- Во рамките на позицијата материјални средства во подготовка евидентирани се градби врз основа на исплатени средства за реализација на Програмите за изградба на пешачки патеки и изградба на плажи и други програми, кои се завршени и истите се користат и со години се во употреба, без да се изврши нивно примопредавање на општините.

- Во деловните книги на министерството не е евидентиран деловен простор – Капетанија на пристаниште во Охрид за кој има имотен лист, а за дел од

деловниот простор со кој министерството располага и е евидентиран во деловните книги, не се обезбедени имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности.

За утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за нивно надминување.
Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ги истакна следните состојби:

- МТВ се јавува во својство на тужена страна и тужител во повеќе судски постапки по различни основи. Поради тоа што станува збор за судски постапки конечниот исход од истите не е познат.
- Ревизијата нагласува дека покрај крајниот рок на реализација (ноември 2017 година) на Договорот за изградба и реконструкција на Управна зграда на МТВ, до денот на вршење на ревизијата објектот не е ставен во употреба.
- Со Буџетот на МТВ во период од 2016 до 2018 година се реализирани средства за изградба на регионален водовод Патишка река, иако согласно договорот за извршување на групна набавка МТВ немало обврска да го финансира проектот.

Во делот - Останати прашања, ги истакнавме состојбите кои се однесуваат на:

- Во август 2018 година со Одлука на Владата на РСМ за пренос на акции, МТВ станува сопственик на операторот на електро-преносниот систем (АД МЕПСО) како резултат на сопственичко раздвојување на операторот од Владата на РСМ.
- Предвидените средства во Буџетот на РСМ за субвенционирање на јавна услуга за превоз на патници не ги покриваат трошоците за транспортни услуги на превозникот во државна сопственост поради што се доведува во прашање обезбедувањето на квалитетна услуга од јавен интерес – превоз во железничкиот сообраќај.
- За железничка инфраструктура се издвојуваат помалку средства од предвиденото законско право, во услови кога не е донесена Национална програма за железничка инфраструктура за 2017-2019 година.
- За проектот поддршка и имплементација на декада и Стратегија на Ромите исплатени се средства од буџетот на МТВ до општините на посебна наменска сметка пред да започне да се реализира проектот како што е предвидено со Одлуката на Влада на РСМ, но не е склучен договор за наменското користење на средства со општините.

Од страна на законскиот застапник на МТВ не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 18 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски Скопје - сметка на основен буџет (637) за 2018 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за транспорт и врски Скопје за 2015 година и е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2015 година и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Горан Сугарески – министер од 14.06.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.03. 2019 година до 30.06.2019 година кај Министерството за транспорт и врски Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2017 година извршена е ревизија на спроведување на проверките презентирани во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи со ревизија на усогласеност за 2015 година на сметката на основен буџет (637), при што е констатирано дека дадените препораки се имплементирани.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 18.07.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во 2018 година од ставката капитални дотации исплатени се средства во износ од 7.000 илјади денари по Одлука[1] за распределба на средства за проектите: Изградба на улици и патишта во Општина Липково и изградба на пристапен пат до археолошки локалитет Тауресиум, Општина Зелениково, донесена од Владата на РСМ. Со одлуката е уреден начинот за распределба на средства односно МТВ треба да ги префрли средствата на посебна наменска сметка на општините, а општините се обврзани да изготват извештај за наменското користење на средства и да го достават до МТВ. Исто така, со одлуката е уредено дека доколку распределените средства општините не ги користат за утврдената намена истите се обврзани да ги вратат средствата во Буџетот на РСМ. Од страна на МТВ префрлени се средства до општините на посебна наменска сметка, но не е склучен договор со општините со кој би се регулирало наменското користење на средства. По укажување на ревизијата склучени се договори за меѓусебно регулирање на правата и обврските во однос на извршена исплата на финансиски средства помеѓу МТВ и Општина Зелениково, односно МТВ и Општина Липково, поради што ревизијата не дава препорака.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Во финансиските извештаи на МТВ на позицијата материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) евидентирана е состојба во износ од 1.678.577 илјади денари која претставува градби од 2018 годината и пренесена состојба од минати години. Со извршениот увид во документацијата ревизијата утврди дека 510.014 илјади денари потекнуваат од минати години[2] инвестиции кои се изградени во целост и со години се во употреба без да се изврши нивно примопредавање на општините, додека во износ од 1.168.563 илјади денари се инвестиции во фаза на градење[3] .

Со направените детални тестови се утврди состојбата на инвестициите кои се целосно изградени во минати години и тоа:

- пешачки патеки во вкупен износ од 115.761 илјади денари[4];

[1] Сл. весник на РМ бр.234/2018

[2] Реализација на Програмите 3В- Изградба на пешачки патеки и 3К – изградба на плажи и други програми.

[3] Програма 1А - Надградба и реконструкција на управна зграда; Програма ДА – Гасификација; Програма 3Г – изградба на водовод и канализација Програма 30-Изградба на пречистителни станици и други објекти, проект за индивидуално домување и др.

[4] Пешачки патеки во Општина Ресен во износ од 51.061 илјади денари, работите се во целост завршени во 2018 година; Општина Дојран во износ од 41.021 илјади денари, завршени во 2015 година; Општина

- изградба и изработка на проекти за плажи и санација на пристаниште во Охрид во вкупен износ од 154.930 илјади денари;
- изградба и санација на неколку патишта во вкупен износ од 239.323 илјади денари.

МТВ по реализација на наведените градби нема преземено активности за нивно примопредавање на општините, спротивно на член 14 од Законот за патишта[5] каде е предвидено дека работите околу реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје. До денот на вршење на ревизијата на дел од градбите не е направен технички прием иако истите функционираат и се користат, што не е во согласност со Законот за градење.

Поради наведеното нереално и необјективно е проценета позицијата на материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година на МТВ, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 18 и 19 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

**Препорака**

Надлежните Секторите во МТВ да постапат во согласност со процедурата за примопредавање на изведени градби и тоа:

- да подготват комплетна документација на градбите кои се целосно готови за секој проект поединечно по општини;
- да извршат примопредавање на целокупната документација – по градби на општините заради раскнижување од сметководствената евиденција на МТВ и воведување во деловните книги на општина и
- да извршат примопредавање на бројните проекти кои се правени во текот на годините за понатамошно користење на општините.

4.2.2. Со ревизија на документацијата за недвижниот имот со кој располага МТВ, како и со увид во податоците од деловните книги ја констатиравме следната состојба:

- Недвижниот имот добиен со Одлука[6] за престанок и за давање на користење на недвижни ствари на МТВ не е евидентиран во имотен лист

Охрид во износ од 11.085 илјади денари, завршени во 2015 година; Општина Крушево во износ од 10.796 илјади денари, завршени во 2012 година. Патеката во Општина Маврово Ростуше во износ од 1.302 илјади денари, завршени во 2015 година оваа е евидентирано на материјални средства и др.

[5] Согласно Законот за јавни патишта јавниот пат го сочинуваат: - долниот и горниот строј на патот, објекти на патот и тротоари, пешачки и велосипедски патеки

[6] Одлука на Влада на Република Македонија Службен весник бр. 121/2012 година.

со запишано право на користење и стопанисување. Имено станува збор за деловен простор на Ул. Даме Груев бр. 6 КП 13478/1 КО Центар 1 со површина од 2.000 $м^2$ и зграда на ул. Даме Груев локал бр. 4 кат, КП бр. 13478/1 КО Центар 1 со површина од 1162 $м^2$ , во кој е сместено МТВ.

- За недвижен имот - деловен простор локал број 2, 3, 4, 5 и 6 на ул. Скопска општина 11 - КО Центар 1, со вкупна површина од 433 $м^2$ добиен со две Одлуки на Влада[7], МТВ има обезбедено само два имотни листи и тоа: ИЛ бр.54018 за локал бр. 4 со површина од 66 $м^2$ и ИЛ 55724 за локал бр. 3 со површина 64 $м^2$, за останатите локали до денот на вршење на ревизијата не е извршено нивно евидентирање во имотен лист со запишано право на користење и стопанисување.
- Во деловните книги на МТВ не е евидентиран деловен простор Капетанија на пристаниште во Охрид запишан во ИЛ бр. 3745 КО Охрид.

Ваквата состојба на нецелосно запишување на правото на користење и стопанисување на недвижниот имот на МТВ не е во согласност со член 154 и 155 од Законот за сопственост и други стварни права и член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници. Наведеното има влијание на реалноста и објективноста на искажаните состојби на позицијата постојани средства во деловните книги и финансиските извештаи за 2018 година.

**Препорака:**
Секторот за општи работи и Секторот за финансиски прашања во МТВ во наредниот период да ги преземат следните мерки и активности:

- Секторот за општи работи да преземе активности за воспоставување на евиденција на деловен простор во Агенцијата за катастар на недвижности со цел обезбедување на имотни листи;
- Секторот за финансиски прашања по извршената проценка да ги воведе во евиденција деловните објекти за кои им право на користење и стопанисување.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 4.1. и 4.2. се однесува на неизвршено примопредавање на инвестиции во тек кои се изградени во целост и се во употреба од страна на општините и не е извршено воспоставување на евиденција на деловен простор во Агенцијата за катастар на недвижности.

[7] Одлука на Влада на Република Македонија за престанок и за давање на користење на недвижни ствари на МТВ бр.19-3371/1 од 08.07.2008 и бр.19-3795/1 од 30.07.2008 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за транспорт и врски –сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски –сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2018 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во 2018 година, МТВ во својство на тужена страна се јавува во 46 судски постапки, по основ долг, поништување односно раскинување на договор, надомест на штета, работни спорови, утврдување на надомест за експроприрана недвижност и др. основи, врз основа на кои се побарува главен долг во вкупна вредност од 511.025 илјади денари.
Истовремено, МТВ се јавува во својство на тужител во 14 судски постапки, по основ на поништување односно раскинување на договор, долг, надомест на штета од кои побарува вкупна вредност од 151.851 илјади денари.
Поради тоа што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, кај судските спорови во кои МТВ е тужена страна, што може значително да влијае на буџетот во идниот период.

6.2. Ревизијата обрнува внимание на текот на реализација на Договорот за надградба и реконструкција на објект - Управна зграда на МТВ во Скопје, склучен во октомври 2011 година во износ од 298.680 илјади денари со вклучен ДДВ и рок за извршување 12 месеци.
Во приодот од 2013 до 2017 година склучени се повеќе Анекси кон Основен Договор:

- Анекс 1 кон основниот Договор (склучен на 14.10.2013) за дополнителни и непредвидени работи во износ од 5.679 илјади денари со ДДВ, рок на извршување до јуни 2014 година, со што вредност на договорот е 304.359 илјади денари.
- Анекс 2 кон основниот Договор (склучен на 05.11.2014) за кусоци, вишоци и непредвидени работи во износ од 34.228 илјади денари, рок на извршување до март 2015 година, со што вредноста на договорот е 338.587 илјади денари.
- Анекс 3 до Анекс 9 кон основниот Договор (склучени во 2015 и 2016) со цел продолжување на рокот на извршување, без финансиски импликации по Договорот и рокот на извршување е 30 јуни 2017 година.
- Анекс бр. 10 кон основниот Договор (склучен на 29.09.2017) за непредвидени работи во износ од 2.184 илјади денари. Крајниот рок на изведба е 13.11.2017 година и вкупна вредност на договорот е 340.771 илјади денари, (Основен Договор со сите Анекси).

Заклучно со 16.04.2019 година вкупно фактурирани и исплатени се средства во износ од 265.696 илјади денари, разликата од 75.075 илјади денари е поради не доставена времена/конечна ситуација од изведувачот.

Ревизијата обрнува внимание дека изведувачот во период од 2015 година до 2018 година има доставено до инвеститорот МТВ повеќе барања за Анекс договор со предмер пресметки за вишоци на количини и непредвидени работи[8].

Во сите доставени предмер пресметки, надзорниот орган констатирал дека за да бидат прифатени вишокот на количини и непредвидените работи, потребно е да бидат потврдени од сите учесници во градбата - проектантот, проектантскиот надзор, надзорниот тим и инвеститорот, преку верификација на проектот на изведена состојба, што не е случај со доставените барања за предмер пресметки.

Надзорот и инвеститорот имаат нагласувано дека согласно член 99 од ЗЈН за да може да се започне постапка за склучување на Анекс кон договор, неопходно е да се достави предмер пресметка на позиции со непредвидени количини кои треба да бидат потврдени од страна на надзорниот орган.

Исто така во член 45 од Договорот е уредено дека по исклучок, изведувачот може и без претходен налог од нарачувачот да ги изведе непредвидените работи[9], но во тој случај изведувачот е должен без одлагање да го извести

[8] Предмер пресметка од 19.11.2015 година со вредност од 24.177 илјади денари; Предмер пресметка од 22.09.2016 година со вредност од 22.151 илјади денари; Предмер пресметка од 01.03.2017 година со вредност од 18.663 илјади денари; Предмер пресметка од 05.11.2018 година со вредност од 16.517 илјади денари;

[9] што се нужни за обезбедување на стабилноста на објектот, правилниот тек на работите, и нормално користење на изградениот објект, или за спречување настанување на штета, ако поради итноста или други оправдани причини нема можности за тие работи претходно да обезбеди налог од Нарачувачот.

нарачувачот за направените работи што ги извел или нивното изведување е во тек и за причините што ги предизвикале непредвидените работи, што не е случај со доставените предмер пресметки за непредвидени работи.

Согласно погоре утврденото една од причините за недоставување на конечна ситуација од изведувачот е нерешен Анекс договор за вишоци на количини и непредвидени работи бидејќи истите не се потврдени од сите учесници во градбата, уште со нивното настанување и од тие причини постои неизвесност за реализацијата на договорот за надградба и реконструкција на Управна зграда на МТВ .

Ревизијата обрнува внимание дека покрај наведените проблеми по барање на инвеститорот и изведувачот во периодот од 2017 до 2019 година се прават напори за целосно завршување на работите на објектот и тоа:

- На 18.07.2017 година надзорниот тим го известува МТВ дека изведувачот има доставен допис дека работите на објектот Управна зграда на МТВ се суштински завршени на 15.07.2017 година. Од тие причини на 27.07.2017 година направен е интерен технички прием на објектот во присуство на надзорен тим, претставници на изведувачот и на инвеститорот при што констатирани се забелешки и недостатоци на градбата со рок од 30 дена за нивно отстранување.
- По добиено известување од инвеститрот за отстранување на забелешките на ден 10.01.2019 година донесено е Решение за формирање на Комисија за вршење на повторен интерен технички преглед на градбата – управна зграда кој е направен на 15.04.2019 година и составен е записник, во кој како предлог повторно е даден рок од 30 дена за отстранување на сите забелешки и недостатоци на градбата што претставува и последна активност што и е презентирана на ревизијата.

Ревизијата смета дека МТВ треба да продолжи со преземање на сите потребни мерки согласно законската регулатива за добивање на одобрение за употреба на новиот објект и ставање на истиот во функција.

6.3. Во 2018 година преку буџетот на МТВ, програма за изградба на систем за водоснабдување во Општина Сопиште – регионален водовод Патишка река од ставката капитални дотации исплатени се средства во износ од 43.702 илјади денари на Општина Сопиште. Ревизијата во врска со финансирањето на овој проект ја утврди следната состојба:

- Во јануари 2014 година по извадок бр.42-1098/1 од 31.01.2014 година од нацрт записник на 185 седница на Влада на РСМ донесени се заклучоци

Изведувачот може да отстапи од проектната документација, по добиена согласност од страна на проектантот, врз основа на која ги изведува работите.

за реализација на проектот со обезбедување на финансиски средства во буџетот на МТВ за 2015 и за 2016 година во вкупен износ од 110.000 илјади денари, и средства во АФПЗРР за 2015, 2016 и 2017 година во вкупен износ од 150.000 илјади денари .

- Во февруари 2014 година донесен е заклучок по извадок бр.42-1548/1 од 17.02.2014 година од нацрт записник на 188 седница на Владата со кој се задолжуваат МЗШВ и АФПЗРР да склучат договор за групна набавка со цел доделување на договор за повеќегодишна јавна набавка со Општина Сопиште.

- Согласно заклучокот на Влада во февруари 2014 година склучен е договор за извршување на групна набавка помеѓу Општина Сопиште, МЗШВ, АФПЗРР и МТВ. Со договорот е уредено дека МТВ има обврска да врши мониторинг врз реализација на проектот како и да врши одобрување на потпишани и заверени времени ситуации по стварно извршена работа, додека АФПЗРР се обврзува да го финансира проектот со средства врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој во висина од 150.000 илјади денари.

- Општина Сопиште согласно договорот за извршување на групна набавка во 2016 година има склучено договор за јавна набавка за изградба на водоводот во износ од 140.337 илјади денари. Во договорот е уредено дека средствата за реализација на предметната набавка се од Буџетот на РСМ за 2016 година за што општината има добиено известување бр.38-1345/1 од 27.01.2016 година и од средства од АФПЗРР согласно договорот за извршување на групна набавка.

- За проектот, изградба на регионалниот водовод - Патишка река, во буџетот на МТВ планирани се средства во посебна програма и во период од 2016 до 2018 година извршена е исплата на средства во износ од 59.149 илјади денари кои се однесуваат на исплата на времени ситуации (од прва до тринаесетта) врз основа на доставена документација од страна на општината.

- Во мај 2019 година добиена е четиринаесетта времена ситуација во износ од 4.757 илјади денари за која од страна на МТВ не е извршена исплата иако има предвидено средства во буџетот за 2019 година, а од причина што од страна на МТВ доставено е барање за плаќање до АФПЗРР во врска со реализација на договор за извршување на групна набавка и договор за набавка на работи.

Ревизијата обрнува внимание дека согласно одредбите од договорот за извршување на групна набавка финансиер на проектот за изградба на договорот е АФПЗРР, а МТВ има обврска да врши мониторинг врз реализација на проектот, како и да врши одобрување на потпишани и заверени времени ситуации од страна на овластено лице од изведувачот и надзорниот инженер.

Со ревизијата утврдивме дека во буџетот на МТВ предвидена е посебна тригодишна развојна програма каде се предвидени средства за изградба на водоводот и по која има исплата на средства во период од 2016 година до 2018 година, иако согласно претходно споменатиот договор МТВ нема обврска да го финансира овој проект.

Ревизијата смета дека со финансирање на проектот во услови кога не се предвидени средства во буџетот на МТВ за идниот период од причина што станува збор за развојна програма (2020, 2021), а во услови кога од договорот не е реализиран износ од 81.187 илјади и во услови кога не е извршена исплата од страна на АФПЗРР постои неизвесност во однос на реализација на проектот во иднина.

## 7. Останати прашања

7.1. Во август 2018 година со Одлука на Влада на РСМ[10] за пренос на акции, МТВ станува сопственик на операторот на електро преносниот систем како резултат на сопственичко раздвојување на операторот од Владата на РСМ како што е предвидено со член 72 од Законот за енергетика[11] донесен во мај 2018 година, а со цел транспонирање на директивата за внатрешен пазар на електрична енергија кое било барање од страна на Енергетската заедница и за кое РСМ има преземено меѓународни обврски.

Со одлуката е извршен нетрговски пренос на акциите со што е извршен упис во Централен депозитар на хартии за 3.059.293 акции со вредност од 3.059.393 илјади денари, а со стекнувањето на сопственост на операторот на електро преносниот систем, МТВ се јавува во улога на Собрание на акционери согласно член 383 од Законот за трговски друштва.

Со новиот закон за енергетика се врши раздвојување на управувањето со правното лице кое врши дејност производство на електрична енергија и правното лице кое врши пренос на електрична енергија кој го вршел еден ист субјект (Владата на РСМ) поради што не постоела ефективна независност. Имено, со член 72 од Законот за енергетика е уредено дека МТВ е самостојно при донесување на одлуки за избор на органи на надзор и органи на управување и не смее да прифаќа упатства од Влада на РСМ или друг државен орган.

Со ревизијата утврдивме дека во тек е сертификација на операторот на електро

[10] Бр. 44-6841/1 од 24.07.2018
[11] Сл. весник бр.98/2018

преносниот систем од страна на РКЕ согласно Правилникот за сертификација[12] кој се однесува и на сопственоста на средствата на операторот.

Ревизијата обрнува внимание дека одредбите од член 72 од Законот за енергетика по кои МТВ станува сопственик на операторот за електропреносен систем се во колизија со член 27 [13] од Законот за организација и работа на органите на државна управа од причина што областа енергетика согласно Законот за организација и работа на органите на државна управа е во надлежност на Министерство за економија. Ревизијата истакнува дека МТВ со стекнување на сопственоста на операторот се соочува со комплексна правна регулатива од областа на енергетика и нови надлежности како Собрание на акционери за што во МТВ потребно е да се обезбедат соодветни технички и човечки ресурси.

Ревизијата смета дека оваа промена во финансиските извештаи претставува клучно прашање и од причина што за првпат едно министерство се јавува во улога на сопственик на државно претпријатие, поради тоа што во изминатиот период Владата на РСМ беше сопственик на акциите на сите АД и ЈП во државна сопственост.

7.2. Со средства планирани во програмата за инвестиции во железничка инфраструктура во буџетот на МТВ во износ од 430.000 илјади денари, се субвенционираат услугите од јавен интерес за превоз на патници во железничкиот сообраќај, кои согласно член 134 од Законот за железнички систем ги врши АД СМЖ Транспорт. Врз основа на член 119 од Законот за железнички систем донесена е Одлука на Влада[14] на РСМ за определување на услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници, а МТВ согласно одлуката има склучено договор за вршење на јавна патничка услуга, како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услуга, за период од 2017-2019 година.

Со одредбите од договорот е уредено дека вкупната вредност на компензацијата

---

[12] Со правилникот се уредува: постапката за утврдување на усогласеноста на работата на операторот на електро преносниот систем со барањата утврдени во Законот за енергетика што се однесуваат на: сопственоста на средствата со кои се вршат дејностите пренос на електрична енергија; самостојност и независност на операторот на системот за пренос и на лицето кое што има контрола над него, во однос на вертикално интегрираните друштва и друштва коишто вршат енергетски дејности што се однесуваат на производство на електрична енергија, како и трговија и снабдување со електрична енергија и, односно операторот на системот за пренос не е дел од вертикално интегрирано друштво; и самостојност и независност на операторот на системот за пренос и на лицето кое што има контрола над него, во однос на Владата на РСМ и други државни органи при донесувањето на одлуки, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика.

[13] МТВ ги врши работите кои се однесуваат на: патниот сообраќај и патната инфраструктура; железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура; воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура; внатрешната пловидба; поштенскиот сообраќај и поштенската инфраструктура; други видови на транспорт и инфраструктура која е неопходна за вршење транспорт (жичара и ски-лифтови и слично); станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката и врши и други работи утврдени со закон и овие одредби,

[14] Сл. весник на РМ бр.7/2017 и бр.5/2018

на дел од загубите настанати од извршување на превоз на патници се обезбедува од Буџетот на МТВ за соодветната година за одредени трошоци за потребите на извршување на патничкиот сообраќај. Ревизијата обрнува внимание дека со договорот за вршење на јавна патничка услуга е уредено да се врши компензација само на дел од загубата.

Со ревизијата утврдивме дека предвидените средства во буџетот за субвенционирање на јавна услуга за превоз на патници не се доволни за покривање на трошоците од транспортните услуги прикажани од страна на превозникот во државна сопственост. Имено, од добиените податоци на АД СМЖ Транспорт, а доставени до МТВ, утврдивме дека остварените приходи од патнички сообраќај изнесуваат 50.160 илјади денари, приходите од Буџетот на РСМ изнесуваат 430.000 илјади денари, и истите не се доволни да ги покријат прикажаните трошоците од патничкиот сообраќај кои изнесуваат 758.889 илјади денари.

Ревизијата обрнува внимание дека со нецелосно субвенционирање на трошоците од патнички сообраќај како услуга од јавен интерес за кои не се обезбедени приходи од превозникот во државна сопственост се доведува во прашање обезбедувањето на квалитетна услуга од јавен интерес – превоз во железничкиот сообраќај . Во прилог е табелата на средствата кои се исплатени на годишно ниво во период од 2014 до 2018 година за субвенционирање на јавна услуга во железничкиот превоз.

Табела бр.1 Буџетски средства за јавна патничка услуга во период од 2014 година – 2018 година



7.3. Со Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура[15] донесена од страна на Влада на РСМ предвидени се средства во износ од 292.000 илјади денари, планирани во буџетот на МТВ во програмата за инвестиции во железничка инфраструктура , кои се помалку од средствата утврдени во член 118 од Законот за железнички систем каде е уредено дека финансирањето на железничката инфраструктура покрај и од други извори се врши и со средства обезбедени во Буџетот на РСМ во износ од најмалку 0,3 % од планираните даночни приходи во централниот Буџет на РСМ за тековната година.

Табела бр. 2 Планирани даночни приходи во централен Буџет на РСМ за 2018 година [16]

во 000 денари

| Даночни приходи 2018 | 0,3% | Годишна програма | Разлика |
|---|---|---|---|
| 114.797.000 | 344.391 | 270.000 | -74.391 |
| 114.566.000 - ребаланс | 343.698 | 292.000 | -51.698 |

Со ревизијата утврдивме дека за период 2017-2019 година, Собранието на РСМ нема донесено Национална програма за изградба реконструкција, ремонт и одржување на постојната и железничка инфраструктура како што е предвидено со член 26 од Законот за железнички систем, а согласно одредбите од законот, годишната програма треба да се изготви врз основа на Националната програма. Со оглед на тоа дека не е донесена Национална програма за период 2017-2019 година каде што треба да се утврди износот на средства по години за финансирање на програмата, а во услови кога во годишната програма се предвидени помалку средства од предвиденото законско право, ваквата состојба има влијание на одржувањето на постојната железничка инфраструктура како добро од општ интерес на РСМ, а со тоа постигнување и на крајната цел создавање на услови за сигурен и безбеден железнички сообраќај. Во јуни 2019 година од страна на Собранието на РСМ е донесена Национална програма за железничка инфраструктура[17] 2019 – 2021 година и за финансирањето на железничка инфраструктура за 2019 година предвидени се средства согласно член 118 од Законот за железнички систем, односно средства повисоки од 0,3% од планираните даночни приходи за тековната година (560.000 илјади денари, односно со измена на програмата 448.480 илјади денари).

7.4. Во буџетот на МТВ во програмата поддршка и имплементација на декада на Ромите реализирани се средства во износ од 19.994 илјади денари за

[15] Сл. весник на РМ бр.21/2018,48/2018, 93/2018,163/2018,229/2018 )
[16] Сл. весник на РМ бр. 196/2017 и бр.207/2018
[17] Сл.весник на РСМ бр.122/2019

финансирање на проекти за изградба на улици по општини. Распределба на средствата е врз основа на Одлука за распределба на средства од Буџетот на РСМ за 2018 година за поддршка на имплементација декада и Стратегија на Ромите[18] донесена од страна на Владата на РСМ со која е уредено дека МТВ треба да ги префрли средствата на посебна наменска сметка на општините, а општините до Кабинетот на министерот без ресор потребно е еднаш годишно да доставуваат извештај за наменското користење на средства. Исто така со одлуката е уредено дека општините распределените средства треба да ги користат наменски, во спротивно општините имаат обврска да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на РСМ.

Со ревизијата утврдивме дека исплатени се средства од буџетот на МТВ до општините на посебна наменска сметка пред да започне да се реализира проектот како што е предвидено со Одлуката на Влада на РСМ, но не е склучен договор помеѓу сите учесници со цел регулирање на користењето на средства од страна на општините поради што постои неизвесност во однос на наменско користење на средства од Буџетот на РСМ. Ревизијата смета дека во иднина е потребно да се склучи договор помеѓу МТВ, општините и Кабинетот на министерот без ресор со цел да се предвиди обврска општините да ги користат средствата за дадената намена.

[18] (Сл. весник на РМ бр.111/2018, 210/2018)

**Министерство за транспорт и врски**
**Сметка на основен буџет (637-18)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 1.611.243 | 1.335.976 |
| **Вкупно приходи** | | **1.611.243** | **1.335.976** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 116.512 | 114.526 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 53.071 | 51.992 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 584.450 | 630.429 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **754.033** | **796.947** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 857.210 | 539.029 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **857.210** | **539.029** |
| **Вкупно расходи** | | **1.611.243** | **1.335.976** |

**Министерство за транспорт и врски**

**Сметка на основен буџет (637-18)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 18 | 25 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 15.541 | 103.707 |
| Залихи | 4.1.3. | 275 | 226 |
| **Вкупно тековни средства** | | **15.834** | **103.958** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 11.935 | 11.935 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 274.578 | 280.465 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 1.678.577 | 1.607.301 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 3.059.393 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **5.024.483** | **1.899.701** |
| **Вкупна актива** | | **5.040.317** | **2.003.659** |
| **Вонбилансна актива** | 4.2.5. | **1.663.972** | **1.303.983** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 5.585 | 94.077 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 9.956 | 9.583 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 4.737.989 | 1.487.545 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.753.530** | **1.591.252** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 286.787 | 412.407 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **286.787** | **412.407** |
| **Вкупна пасива** | | **5.040.317** | **2.003.659** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.4.2. | **1.663.972** | **1.303.983** |

**Министерство за транспорт и врски**
**Сметка на основен буџет (637-18)**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **412.181** | **226** | **412.407** |
| **Зголемување по основ на:** | **7.754** | **870** | **8.624** |
| Набавки | 7.760 | 870 | **8.630** |
| Ревалоризација на капитални средства | (6) | | **(6)** |
| **Намалување по основ на:** | **133.422** | **822** | **134.244** |
| Прекнижување на ПВР | 121.379 | 822 | **122.201** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 12.043 | | **12.043** |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **286.513** | **274** | **286.787** |